# Кои сме ние

Присутни сме на пазарот од Мај 2007 година со својата централа во Скопје.

Наша цел е да понудиме комплетни решенија за раководење со човечките ресурси, преку кои компаниите ќе добијат максимум резултати со минимум инвестиција.

**Листа на услуги**

- Посредување при вработување
- Времено вработување
- Консултантски услуги од областа на човечките ресурси
- Процена и развој на кадри
- Тим менаџмент
- Авторски договори

# Времено вработување

Со оваа услуга ви овозможуваме да ангажирате работници само во периодите кога вашата компанија има потреба: зголемен обем на работа, сезонски работи, пробен период на вработување и слично. Привремено вработените лица потпишуваат договор со ЕСИ агенцијата за вработување, а се отстапуваат на вас како работодавач - корисник. Вие како компанија корисник, во однос на лицата кои привремено ги ангажирате ги одредувате описот на работното место, работните часови и износот на платата, а останатото оставете го на нас.

# Посредување при вработување

Оваа услуга се нуди на компании кои во моментот немаат доволно време или ресурси самостојно да го спроведат процесот на регрутирање и селекција на кандидати за идно вработување. Процесот на регрутација и селекција на кандидатите се одвива во неколку фази. Во склад со вашите барања како клиенти, можеме да ја спроведеме целата процедура или само дел од активностите наведени во процедурата.

# Консултантство во МЧР

Со исцрпното искуство и тимот на професионалци со кои располага ЕСИ, ви нудиме и консултантски услуги во областа на менаџирањето со човечките ресурси. Услугите се скроени на вашите потреби и приоритети и имаат за цел да ве поддржат во справување со предизвиците во менаџирањето на најефикасен и најефективен начин.

Можеме да ви понудиме прилагодена поддршка во повеќе области, почнувајќи од администрација и правни совети, до стратегиски планирања, менаџирање на талент и индивидуално советување.

# ПРОЦЕНА И РАЗВОЈ НА КАДАР

Оваа услуга ви овозможува да ги согледате потенцијалите на секој од вработените и истиот максимално да го искористите за развој на вашиот бизнис. Проценаta на капацитетите на вработените ја вршиме преку алатки за психолошка процена, процена на специфични меки вештини и процена на однесувањето. По процената добивате извештај за секој вработен со детален опис на капацитетите, насоки за искористување на потенцијалот и препораки за дополнителни обуки за развој во склад со плановите за развој на вашиот бизнис.

# ТИМ МЕНАЏМЕНТ

Идејата зад креирање на оваа услуга е да овозможиме професионална поддршка на компаниите во креирање и водење на ефикасни самостојни тимови.

Тимската работа е клучна за профитот на секој бизнис, но истата не е лесно да се креира и одржи. Со оглед на комплексноста на овој процес, услугите за тим менаџмент ви нудат поддршка во областа на:

- Градење на тимови
- Развој на тимови
- Водење на тимови

Услугата се состои од обуки и искуства кои имаат цел да ги зголемат перформансите во наведените области.

# АВТРОСКИ ДОГОВОРИ

Оваа услуга ви нуди решение во застапување на авторите при реализација на нивните авторски права во врска со користењето на нивните дела. Таа ги опфаќа следниве активности:

- Изработка на авторски договори
- Изработка на договори за дела
- Доставување фактури за наплата на авторските хонорари
- Исплата на авторските хонорари

# За дополнителни информации и детали, ве молиме контактирајте нѐ:

Ул Костурски Херои 62/1,1000 Скопје

т: +389 2 3246-899, ф: +389 2 3246-897

www.esi.mk

rabota@esi.mk, office@esi.mk

Facebook: Linked In: